РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# П Р А В И Л О

## ЗА ОДНОСИТЕ ВО ВРШЕЊЕТО НА СЛУЖБАТА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



Скопје, 2012 година

ПУБЛИКАЦИЈА ПРА - АРМ - 40 - 009 А

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
Воена пошта 2808
Бр. 02-2941/1
16. 07. 2012 20 год.
СКОПЈЕ

Евиденциски број (ЦДНЛ): ________________

Инвентарски број (Орг. единица): ___________

Врз основа на член 26 став 1 точка 18 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија“ број 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008 и 51/2011), началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија донесе

# П Р А В И Л О

## ЗА ОДНОСИТЕ ВО ВРШЕЊЕТО НА СЛУЖБАТА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ**
**НАЧАЛНИК**
генерал - мајор
Горанчо Котески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМ
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА Воена пошта 2808
СКОПЈЕ

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ... 7

**ПРВА ГЛАВА** ... 9
**ОПШТИ ОДРЕДБИ** ... 9

**ВТОРА ГЛАВА** ... 11
**ОДНОСИ ПОМЕЃУ ПРЕТПОСТАВЕН И ПОТЧИНЕТ** ... 11

**ТРЕТА ГЛАВА** ... 13
**ИЗГЛЕД НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМ** ... 13

1. Изглед на воениот и цивилен персонал во активна служба во АРМ ... 13
2. Изглед на воениот персонал од женски пол во АРМ ... 14
3. Изглед на персоналот во резервниот состав во АРМ ... 16

**ЧЕТВРТА ГЛАВА** ... 17
**ПОЗДРАВУВАЊЕ И ОСЛОВУВАЊЕ** ... 17

1. Меѓусебно поздравување ... 17
2. Поздравување со единица ... 18
3. Поздравување на знамето и химната на Република Македонија ... 21
4. Поздравување со воени знамиња ... 21
5.Ословување ... 22

**ПЕТТА ГЛАВА** 25
**ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЈАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ** 25
1. Претставување 25
2. Јавување на должност 26
**ШЕСТА ГЛАВА** 29
**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ** 29

# ВОВЕД

Односите во вршењето на службата во АРМ се темелат на принципите на едностарешинство и субординација.

Правилото за односите во вршењето на службата во Армијата на Република Македонија (АРМ) ги регулира: изгледот на персоналот на АРМ, службените односи, претставувањето, ословувањето, поздравувањето, односот претпоставен - потчинет, јавувањето на должност, како и издавање и извршување на наредби.

Правилото е наменето за припадниците на АРМ за користење при секојдневното вршење на службата.

# ПРВА ГЛАВА
# ОПШТИ ОДРЕДБИ

**1**)* Со ова Правило се регулираат односите во АРМ помеѓу претпоставен и потчинет, изгледот на воениот персонал во воена униформа, изгледот на цивилниот персонал за времетраење на работното време, извршување на наредби, поздравување помеѓу воениот персонал, поздравувањето со единица, поздравување на знамето и химната на Република Македонија, поздравување со воени знамиња, ословување, претставување и јавување на должност.

**2**) Лицата на служба во АРМ, треба задолжително да ги познаваат и применуваат одредбите од ова Правило и должни се:

- совесно и навремено да ги извршуваат наредбите од претпоставениот старешина;
- да ја развиваат и усовршуваат организацијата на одбраната и работата во единиците и командите;
- да ја зајакнуваат внатрешната цврстина, моралот и борбената готовност на единиците во кои се на служба, а со тоа и на АРМ во целина;
- да ја зајакнуваат безбедноста и заштитата;
- да ја зацрстуваат воената дисциплина;
- да развиваат хумани односи меѓу луѓето во воениот колектив и да спречуваат било каков облик на нивно нарушување, посебно на национална и верска основа;

---

* Броевите ги означуваат параграфите кои се последователни во сите поглавја.

- да ја познаваат безбедносната состојба во единиците со кои командуваат, односно раководат и одговорни се за организирање и спроведување на мерките за безбедносно обезбедување;
- да пројавуваат дисциплинираност, издржливост, решителност, иницијативност, совесност, храброст, искреност, чесност, другарство, насекаде и во сите околности и коректно да се однесуваат кон потчинетите, претпоставените, помладите и постарите.

# ВТОРА ГЛАВА

# ОДНОСИ ПОМЕЃУ ПРЕТПОСТАВЕН И ПОТЧИНЕТ

**3)** Односите помеѓу претпоставен и потчинет се одредуваат во зависност од чинот и должноста на лицата во АРМ. Точниот назив на должноста на старешините во единиците, односно службите, се утврдува со формација, а односите помеѓу нив се уредуваат според следното:

- старешините на единиците заклучно со чета (батерија) и на нив рамни единици се командири, а на повисоките единици - команданти;
- старешините на службите се началници.

**4)** Претпоставени се, без оглед на чинот, под определени услови и старешините:

- командант на гарнизон - на сите лица на служба во командите, единиците и службите во гарнизонот, во поглед на општиот ред, дисциплината и службата;
- командант на касарна (аеродром, логор) - на сите лица на служба во единиците и службите во касарната во поглед на општиот ред, дисциплината и службата;
- старешина на воздухоплов - на сите лица додека се превезуваат со воздухопловот, во поглед на безбедноста на луѓето и воздухопловот;
- наставниците (воен и цивилен персонал) - на питомците и слушателите без оглед на чинот и звањето, во поглед на редот и дисциплината за време на наставата.

Претпоставен може да биде и командант на полигон и други старешини на соодветни должности, што се регулира со акт на надлежен старешина. Кога повеќе единици, односно воен персонал извршуваат заедничка задача, навремено се одредува старешина кој ќе раководи со извршувањето на задачата. Ако од разни причини тоа не е регулирано, улогата на претпоставен ја презема најстариот старешина по чин, односно по должност и раководи со извршувањето на задачата. Ако единицата или службата ненадејно остане без претпоставен старешина, командата ја презема лицето кое го заменува, односно најстариот старешина од таа единица или служба, додека не се одреди нов старешина.

# ТРЕТА ГЛАВА

# ИЗГЛЕД НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМ

## 1. Изглед на воениот и цивилен персонал во активна служба во АРМ

**5)** Воениот и цивилен персонал на служба во АРМ е должен, секогаш и на секое место, без оглед дали е во униформа или не, да води грижа за својот изглед, своите постапки, да ја претставува АРМ и да го чува нејзиниот и својот углед и достоинство.

**6)** Кога е во воена униформа, воениот и цивилен персонал на служба во АРМ не смее:

- да пуши на улица, пред строј, во строј;
- да ги држи рацете во џебови и на грб;
- на улица и на други јавни места да носи чадори, пакети и сл., туку само воени торби, чанти, куфери и уредно спакувани, помали, пакети;
- да јаде и пие на улица, пред киосци и продавници, во средствата на градскиот превоз и на други места, кои не се предвидени за таа намена;
- да носи амајлии и други предмети на облеката;
- да ја симнува капата, баретката или шапката додека управува со воено моторно возило.

**7)** Воениот персонал на служба во АРМ мора секогаш да биде уредно облечен, избричен и потстрижен. Се потстрижуваат средно - зулуфите до половина на увото, а косата да не паѓа на ушите и јаката на облеката, односно да не

се витка преку работ на капата, шапката или баретката. Не смее да носи брада, а ако носи мустаќи, треба да бидат долги 0,5 см од горната усна и не смеат да преминуваат преку неа. Косата не смее да биде подолга од 5 см.

**8**) Припадниците на цивилниот персонал на служба во АРМ постојано се грижат за својот надворешен изглед, усогласувајќи го со воените норми и специфичностите на службата во воените единици и команди во кои работат.

Лицата кои работат на места за кои е пропишано повремено носење на воена униформа, додека се во униформа, должни се да бидат средно потстрижени, избричени и со уредни мустаќи.

## 2. Изглед на воениот персонал од женски пол во АРМ

**9**) Воениот персонал од женски пол, во секое време, мора да се грижи за обликот и бојата на косата, обликот и бојата на ноктите, користењето на декоративна козметика и носењето на накитот.

**10**) Косата (фризурата) мора секогаш да биде чиста, уредна и соодветна на професионалниот воен изглед. Таа не смее да биде несредена и со екстремна појава и облик. Трендовски стилови, кои резултираат со бричени делови на скалпот и дизајни сечени во косата, се забранети.

Косата може да се носи пуштена доколку нејзината природна должина не ја надминува долната линија на јаката на задната страна на вратот. Доколку косата е подолга од долниот дел на јаката тогаш задолжително треба да биде уредно и невпечатливо собрана и прицврстена, така да нема видливи делови на коса кои ќе висат.

Средства за собирање на коса се дозволени само за зацврстување и држење на косата. Не смеат да се ставаат

средства за собирање на косата од декоративни причини. Средставата за држење и прицврстување на косата не треба да бидат воочливи, односно нивната боја треба да биде приближна на бојата на косата. Дозволено е користење на: шноли, чешлиња, гумени ластици, ластици покриени со материјал и сл. Декоративни средства и додатоци за коса се забранети, како на пр.: машни, венчиња, перли, украсни игли и сл.

Бојадисувањето на косата е дозволено само во рамките на нејзината природна боја. Не е дозволено бојадисување на одредени делови или на целата коса, во контрастни бои или шари или неприродни бои за коса, како зелено, сино, розово и други бои што го нарушуваат професионалниот воен изглед.

Обликот на косата не смее да го отежнува или спречува правилното носење на капа, шапка, шлем, заштитна маска и други НХБ заштитни средства.

**11**) Ноктите треба да бидат чисти и уредни и нивната должина може да достигне до 0,5 см мерејќи од врвот на прстот. Во исклучителни случаи, од безбедносна природа или здравствени причини, ноктите треба да бидат скратени.

Дозволена е употреба на еднобоен лак за нокти со дискретна боја. Не е дозволено ставање и употреба на орнаменти и разни шари на ноктите и рацете.

**12**) Не се дозволува користење на сенки за очи и кармини со нападни бои, однос-но бои кои не се соодветни при носење на униформата и го нарушуваат професионалниот изглед. Не е дозволена козметика која има нападен мирис, во смисла на парфеми, лосиони, шампони и сл.

**13**) Дозволено е носење на накит со дискретен изглед. Најмногу два прстени, вклучувајќи ги венчалниот и вереничкиот прстен, ланче (доколку истото не се гледа при но-

сење на униформата) и обетки со дијаметар помал од 0,8 см.

Се забранува носење на друг накит и пирсинг на видливи места (при носење на униформата) и тетовирање.

### 3. Изглед на персоналот во резервниот состав во АРМ

**14)** Припадниците на резервниот состав, на воена обука и други воени задачи, се јавуваат уредно облечени во воена униформа. Косата, брадата и мустаќите мора да бидат уредни и да не пречат при: изведување обука, употреба на заштитна маска и друга специјална опрема, носење капа, шлем и сл.

# ЧЕТВРТА ГЛАВА
# ПОЗДРАВУВАЊЕ И ОСЛОВУВАЊЕ

## 1. Меѓусебно поздравување

**15)** Припадниците на воениот персонал на служба во АРМ, должни се меѓусебно да се поздравуваат.

Потчинетите и помладите го поздравуваат претпоставениот и постариот, а овие отпоздравуваат. Ако се со ист чин, односно немаат чин, се поздравуваат взаемно и истовремено.

Претпоставен или постар кој првпат во текот на денот влегува или излегува од канцеларија и други службени простории, сите присутни стануваат и го поздравуваат.

Воениот персонал поз-дравува со рака, кога е во униформа, на јавни места (ули-ци, паркови, шеталишта, спортски игралишта и друго).Воениот персонал може да поздравува со рака, без ка-па, во затворени простории и на места кои се означени како места на кои не се носи капа (воздухопловни стојалишта, полетно - слетни патеки и сл.).

Припадник на воен персонал кој поради ранување или повреда не може да поздрави (отпоздрави) со десната рака, поздравува (отпоздравува) со левата. Војник на кој рацете му се зафатени, поздравува со движење на главата и со поглед, а питомците - слушателите во центрите за обука, подофицерите и офицерите и со навалување на главата.

Припадник на воен персонал кој носи униформа, поздравува (отпоздравува) припадник на воен персонал кој е облечен во цивилна облека со војнички поздрав, а овој поздравува (отпоздравува) со цивилен поздрав.

Воениот персонал ги поздравува припадниците на странските армии, според одредбите од ова Правило.

**16**) Воениот персонал не поздравува:

- од строј или колона;
- во борба, на вежби, маневри и во други околности, кога постои можност да му биде загрозен животот;
- кога спроведува лице лишено од слобода;
- кога води кучиња;
- кога управува со моторно возило;
- кога се наоѓа во превозни средства;
- за време на обедување, лекарски преглед, потстрижување, бричење и сл.
- кога е во болничка облека;
- при вршење работа чиј процес не може, или не е целисходно да се прекине;
- на пешачки премин и од спротивна страна на широки улици и булевари и во други услови кога не е можно да се поздрави на прописен начин.

## 2. Поздравување со единица

**17**) Со единица се поздравува:

- Претседателот на Република Македонија, министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на АРМ кога им се оддаваат воени почести и во други околности кога единицата ќе ги пресретне;
- знамето на Република Македонија, за време на кревање и спуштање од јарбол и знамињата на единиците, кога се развиорени;
- химната на Република Македонија и химните на странски држави за време на интонирање на свечености и при давање на воени почести;

- сите генерали, претпоставениот командант на бригада и командантите на рамни и повисоки единици, кога единицата ќе ги пресретне (само при првото среќавање во текот на денот);
- ковчегот во погребна поворка, доколку погребот се врши со воени почести - единицата застанува и поздравува од место, а ако погребот не се врши со воени почести - единицата застанува, а поздравува само старешината на единицата.

**18**) Со единица не се поздравува:

- за време на борба, маневар и тактички вежби;
- за време на превезување со борбени и неборбени возила и транспортни средства;
- за време на движење на единицата преку мост, замрзнати површини и други терени на кои движењето е отежнато;
- кога лицата наведени во параграфот бр.15 се превезуваат во затворени возила, при ненадејна средба на улица и други места, ги поздравува само старешината на единицата.

**19**) Кога претпоставениот старешина ќе дојде во единицата, односно на обука (настава) или состанок кој се одржува во училница, кабинет, на вежбалиште, стрелиште и во слични објекти, старешината на единицата или службата, односно најстариот старешина командува „мирно" и предава рапорт. На ист начин се постапува и кога ќе дојде овластен старешина во контрола на обуката или на состанок, ако тој старешина е постар по чин од старешината на единицата, односно од наставникот. Претпоставениот старешина се поздравува кога ќе дојде на вежбалиште, стрелиште или на друг терен на кој се изведува обука, а единицата не е собрана, не се командува „мирно", туку старешината најстар по чин предава рапорт. На стрелиште,

доколку е смена на огнената линија или гаѓањето е во тек, на претпоставениот старешина му се предава рапорт кога смената ќе заврши со гаѓање.

**20**) На воениот и цивилен персонал на АРМ, на часови по обука, на состаноци и други собири кои се одржуваат во затворени простории не се командува „мирно”, туку сите присутни стануваат кога влегува претпоставен, а најстариот присутен старешина, односно раководителот на обуката (состанокот) предава рапорт.

Во воени ресторани, перални, работилници, хангари, гаражи, лаборатории, установи за лекување и сл., како и за време на работа со муниција и минско - експлозивни средства, за време на расклопување и склопување на оружјето и другите борбени средства, не се командува „мирно“, туку најстариот старешина или одговорното лице предава рапорт.

**21**) При поздравување со единица, лицето на кое му се приредува пречек застанува пред стројот, поздравува со рака и со зборовите: „Војници (питомци, подофицери, офицери, цивилни лица)”, „ЗДРАВО!”. На ова, единицата едновремено одговара „ЗДРАВО!”. На ист начин се поздравува и единица која не е построена, а се наоѓа на вежбалиште, стрелиште, во работилница, училница и сл.

Кога на единица, или на лице на служба во АРМ, им се честита одреден празник, унапредување, одликување, постигнат успех и сл., единицата односно лицето на служба во АРМ одговара со: „БЛАГОДАРАМ” - „БЛАГОДАРИМЕ”

При оддавање на посмртни почести, на зборовите: „Нека им/му е слава”, единицата, односно лицата на служба во АРМ одговараат: „Слава им/му“.

## 3. Поздравување на знамето и химната на Република Македонија

**22**) Воениот и цивилен персонал на служба во АРМ, го поздравува знамето на Република Македонија за време на кревање на јарболот и спуштање од јарболот, а воените знамиња на единицата - кога се развиени.

Припадниците на воениот персонал надвор од стројот го поздравуваат знамето со заземање став „МИРНО” и со рака, а во строј војниците и питомците поздравуваат само со заземање став „МИРНО”, а старешините и со рака.

**23**) Воениот и цивилен персонал на служба во АРМ ја поздравува химната на Република Македонија и на странските држави, од почетокот до крајот на интонирањето. Надвор од стројот, химната ја поздравува со заземање став „мирно” и со рака, а во строј, војниците и питомците ја поздравуваат само со заземање став „МИРНО”, а старешините и со рака.

Во затворени простории сите припадници на АРМ ја поздравуваат химната само со заземање став „МИРНО”.

## 4. Поздравување со воени знамиња

**24**) Со воени знамиња се поздравуваат: Претседателот на Република Македонија, странски државници на кои им се даваат воени почести, химната на Република Македонија и на странските држави - во официјални околности и за време на свечености кога знамето се донесува.

Ако почесната единица која учествува на погребот носи воено знаме, знамето се поздравува во моментот кога на единицата и се командува: „По-ЗДРАВ!”.

## 5. Ословување

**25**) Воениот и цивилен персонал на служба во АРМ се ословува според чинот и звањето, и едни кон други се обраќаат со „Вие”. Старешините и цивилните лица им се обраќаат на војниците со „Ти”. Со „Ти” се ословуваат и војници, односно питомци кога се обраќаат еден кон друг.

Воениот персонал кој има чин се ословува со „господине (госпоѓо/госпоѓице)“, додавајќи го чинот („господин водник“, „господин капетан“ и сл.), а тие кои немаат чин - според должноста, односно според звањето или семејното (роденото) име, на пр.: „господине началник“, „господине Јовановски“, „госпоѓа/госпоѓица Милена” и сл.

Питомците и војниците без чин се ословуваат со „питомец/војник Костовски Јанко” и сл.

Постари водници и постари водници од 1. класа, се ословуваат со „господине постар водник”, а сите генерали со „господине генерал”.

Претседателот на Република Македонија и Претседателот на Владата на Република Македонија се ословуваат со „господине претседател”, а министерот за одбрана - со „господине министер”.

Цивилниот персонал на служба во АРМ се ословува според должностите или звањата, на пр.: „господине началник”, „господине професор” и сл.

**26**) Претпоставен и постар може да гоослови потчинетиот и помлад, по семејно, односно родено име, со претходно наведување на зборот „господине” и чинот, односно звањето, на пр.: „господине капетан Јованов”, „господине доктор Марковски” и сл.

Претпоставениот и постар може потчинетиот да го повикува, односно ословува и според функцијата, односно должноста, на пр.: „дежурен на првиот баталјон, напред”,

„командир на вториот вод, веднаш јавете му се на дежурниот офицер на полкот” и сл.

**27**) Воениот и цивилен персонал гиословува припадниците на странските армии со „господине генерал”, „господине капетан” и сл.

# ПЕТТА ГЛАВА

# ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЈАВУВАЊЕ НА ДОЛЖНОСТ

## 1. Претставување

**28**) Припадниците на воениот и цивилен персонал на служба во АРМ, кога меѓусебно не се познаваат, при средба, должни се едни на други да се претставaт. Први се претставуваат помладите соопштувајќи го својот чин, односно класата или звањето, семејното и роденото име, а ако е потребно, и единицата, должноста и другите податоци, на пр.: „господине капетан Нико Нестор, командир на прв вод”, „артилериски механичар Јован Митков”, „питомец Иван Иванов” и сл. Постариот, при претставувањето го соопштува својот чин и семејното и роденото име, а ако е потребно и својата должност. При ракување, претпоставениот и постариот прв ја подава раката на потчинетиот и помладиот. Воениот персонал, при претставување надвор од АРМ го наведува и својот чин, ако е потребно.

Кога воено лице, за прв пат се придружува на други припадници на воен персонал, должен е да се претстави. Воените старешини и цивилните лица кои доаѓаат во единица, односно служба, поради изведување на обука, информирање, предавање и сл., должни се при првата средба да им се претставaт на војниците, питомците и слушателите.

**29**) При јавување на нова должност, командирите на одделенија, водови и чети, командантите на баталјони, полкови, бригади и на нив рамни единици и командантите и началниците на центрите за обука, ги претставува прво-

претпоставениот, при свеченото примопредавање на должноста. Останатиот воен и цивилен персонал, на пригоден начин, го претставува првопретпоставениот во единицата или службата, односно во соодветната организациско - формациска целина.

## 2. Јавување на должност

**30**) Новопроизведените активни подофицери и офицери се јавуваат на должност во командите, единиците или службите каде што ги примаат командантите на првопотчинетите единици на Генералштабот на АРМ. Во таа прилика се запознаваат со командата, единицата или службата, со нејзиниот историјат, задачите и конкретните должности. На приемот присуствуваат старешините од потесниот дел на командата, односно службата, како и претпоставените старешини од единицата (службата) во која новопроизведените старешини се распоредени на должност. Прием на новопроизведените старешини се врши на свечен собир на кој присуствува потесниот дел од командата, односно службата. Во рамките на приемот, во единицата, односно службата, може да се организира и пригодна свеченост.

**31**) Воените старешини пред одењето на должност во нова единица или служба, му се јавуваат на првопретпоставениот старешина. Во новата единица, односно служба, му се јавуваат на командантот на бригада - полк, самостоени баталјон, односно на старешина од ист ранг. Во повисоките команди и установи, му се јавуваат на командантот на единицата, односно на старешината на службата.

Командант на бригада - полк, самостоен баталјон и старешината од ист и повисок ранг му се јавува на првопретпоставениот старешина.

Преместените војници и питомци му се јавуваат на командирот на чета, односно на старешина од ист ранг, во единицата во која се преместени.

**32**) Пред одење и по враќање од годишен одмор, односно отсуство, боледување, лекување, издржување казна во затвор, службен пат и сл., воените старешини му се јавуваат на првопретпоставениот старешина.

**33**) Лицата од резервниот состав, повикани на воена вежба во единица или служба, му се јавуваат на првопретпоставениот старешина при доаѓањето и одењето.

**34**) На командант на гарнизон (касарна, логор, аеродром), при првото јавување на должност, му се јавуваат воени старешини на единиците и службите кои непосредно му се потчинети во поглед на општиот ред, дисциплината и службата во гарнизонот (касарната, логорот, аеродромот).

**35**) Воениот и цивилен персонал на служба во АРМ кој се наоѓа на отсуство и боледување надвор од гарнизонот на службување, а се задржува подолго од 24 часа, се јавува лично на командата на гарнизонот во местото каде престојува, најдоцна 24 часа по доаѓањето, односно најрано 24 часа пред одењето. Ако во едно место не се задржува подолго од 4 дена, истовремено се пријавува и одјавува.

Заболените можат да се јават и преку друго лице.

Податоците за пријавените лица се запишуваат во книгата на јавувања. Во дозволата за патување на пријавениот, надлежното лице со свој потпис, а командата на гарнизонот со печат, го заверуваат датумот на јавување, односно одјавување.

Во местата во кои нема команди на гарнизони, лицата на служба во АРМ се јавуваат во подрачната организациона единица на Министерството за одбрана.

# ШЕСТА ГЛАВА
# ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**36**) Со денот на влегувањето во сила на ова Правило престанува да важи Правилото за односите во вршењето на службата во Армијата на Република Македонија бр. 03-310/2 од 30.06.2011 година.

**37**) Ова Правило стапува на сила, со денот на негово донесување.